# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

09 февруари 2018 | Излегува по потреба | Година XIII | број 2



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА**

1. Се објавува Одлуката за формирање на Локален совет за превенција, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 05.02.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-601/1**
**од 07.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (3) од Законот за полиција ("Службен весник на РМ" бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16 и 120/16), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Шесттата седница одржано на ден 05.02.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

### Член 1

Со оваа одлука се формира Локален совет за превенција како советодавно и координативно тело, заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата.

### Член 2

Целта на Локалниот совет за превенција е утврдување на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на Општина Гази Баба, како градење на доверба и партнерски однос и превенција на појавите што негативно влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општината.

### Член 3

Локалниот совет за превенција е составен од претставници на локалната и централната власт, претставник од Собранието на Република Македонија со живеалиште на подрачјето на општината, претставници од верските заедници, како и претставници од невладиниот сектор и медиумите како правни субјекти со седиште регистрирано на подрачјето на општината или кои дејствуваат на локално ниво на подрачјето на општината.

### Член 4

Претставници на Локалниот совет за превенција (по функција односно по предлог од субјектите) се:

1. Градоначалникот на Општина Гази Баба;
2. Командирот на ПС од ОН "Гази Баба" - Скопје;
3. Претставник од одделението за превенција при МВР - СВР Скопје;
4. Пратеник во Собранието на Република Македонија од Општина Гази Баба;
5. Претседателот на Совет на Општина Гази Баба;
6. Александар Трајковски - член на Совет на Општина Гази Баба;
7. Валентина Петровска - член на Совет на Општина Гази Баба;
8. Расим Али - член на Совет на Општина Гази Баба;
9. Берат Весел - член на Совет на Општина Гази Баба;
10. Директорот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
11. Претставник од урбана или месна заедница;
12. Претставник од Министерство за правда;
13. Претставник од Министерство за здравство;
14. Претставник од Министерство за одбрана;
15. Претставник од Министерство за образование и наука;
16. Претставник од МТСП - Центар за социјална работа - Гази Баба;
17. Претставник од Македонска православна црква - Охридска Архиепископија;
18. Претставник од Исламска верска заедница на Република Македонија;
19. Претставник од невладина организација; и
20. Претставник од медиум.

**Член 5**

Со Локалниот совет за превенција претседава Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 6**

Се задолжува општинската администрација да ги информира субјектите од членот 4 од оваа одлука, со цел определување на претставници во Локалниот совет за превенција.

**Член 7**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за формирање на Локален совет за превенција бр.07-3811/4 од 05.09.2013 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/13).

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-305/3**
**од 05.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на благајнички максимум, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 05.02.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-601/2**
**од 07.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за платниот промет (''Службен весник на РМ'' бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15 и 193/17), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Шесттата седница одржано на ден 05.02.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува благајничкиот максимум за 2018 година, во износ од 120.000,00 денари.

**Член 2**

Готовите пари во благајната, примени по сите основи се уплатуваат на сметката кај носителот на платен промет истиот ден, а најдоцна наредниот ден од денот на наплатата.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-305/4**
**од 05.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР - СКОПЈЕ

1. Се објавува Одлуката за именување на член од Советот на Општина Гази Баба во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 05.02.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-601/3**
**од 07.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 67 став (5) од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје, бр.09-3785/1 од 28.11.2017 година, Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Шесттата седница одржано на ден 05.02.2018 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР - СКОПЈЕ

### Член 1

За член од Советот на Општина Гази Баба во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје, се именува:

**- СОФИЈА СЕТИНОВА.**

### Член 2

Одлуката да се достави до деканот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-305/5**
**од 05.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА НА ЈНУ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на член од Советот на Општина Гази Баба во Одборот за соработка и доверба со јавноста на ЈНУ Земјоделски институт - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 05.02.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-601/4**
**од 07.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 67 став (5) од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈНУ Земјоделски институт - Скопје, бр.09-3988/1 од 18.12.2017 година, Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Шесттата седница одржано на ден 05.02.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА НА ЈНУ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ**

**Член 1**

За член од Советот на Општина Гази Баба во Одборот за соработка и доверба со јавноста на ЈНУ Земјоделски институт - Скопје, се именува:

**- м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ.**

**Член 2**

Одлуката да се достави до директорот на ЈНУ Земјоделски институт - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-305/6**
**од 05.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на член од Советот на Општина Гази Баба во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 05.02.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-601/5**
**од 07.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 67 став (5) од Законот за високото образование (''Службен весник на РМ'' бр.35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, бр.09-311/1 од 23.01.2018 година, Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Шесттата седница одржано на ден 05.02.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

За член од Советот на Општина Гази Баба во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје, се именува:

**- д-р САШО КУТЛЕШОВСКИ.**

**Член 2**

Одлуката да се достави до деканот на Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-305/7**
**од 05.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА РАСПОЛАГАЊЕ СО СОПСТВЕНОСТА НА ОБЈЕКТ - РЕСТОРАН ДО ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ВО МАЏАРИ**

1. Се објавува Одлуката за начинот на располагање со сопственоста на објект - ресторан до Дом на културата во Маџари, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 05.02.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-601/6**
**од 07.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Шесттата седница одржано на ден 05.02.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА НАЧИНОТ НА РАСПОЛАГАЊЕ СО СОПСТВЕНОСТА НА ОБЈЕКТ - РЕСТОРАН ДО ДОМОТ НА КУЛТУРАТА ВО МАЏАРИ

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува согласност за објектот - ресторан до Дом на културата во н.м Маџари, со површина од 216 $м^2$, лоциран на КП 1314 КО Маџари, евидентиран во Имотен лист 68553 КО Маџари и дворното место, да се користат за потребите на Јавното комунално претпријатие "Гази Баба - 2007" - Скопје.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-305/8**
**од 05.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 05.02.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-601/7**
**од 07.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Шесттата седница одржано на ден 05.02.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година бр.09-3993/36 од 25.12.2017 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/17), во член 12 ставот (1) се менува и гласи:

"Општината врши збирна и поединечна контрола на доставените пресметки за исплата на плати и надоместоци".

**Член 2**

Член 13 се менува и гласи:

"Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката нема да се исплаќаат додека дневница за службено патување надвор од Републиката ќе се исплаќа во износ од:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата;
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. "

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-305/9**
**од 05.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ОТФРЛАЊЕ НА РЕШЕНИЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ЗАПИРАЊЕ ОД ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА УЛИЦА ''518'' КАКО АЛТЕРНАТИВЕН КОРИДОР НА ДЕЛНИЦА НА БУЛЕВАР ''АСНОМ'', БР.08-284/1 ОД 22.01.2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на улица "518" како алтернативен коридор на делница на Булевар "АСНОМ", бр.08-284/1 од 22.01.2018 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на продолжение на седницата одржано на ден 05.02.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-601/8**
**од 07.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) а во врска со член 51 став (2) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по решението на Градоначалникот на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на улица "518" како алтернативен коридор на делница на Булевар "АСНОМ", бр.08-284/1 од 22.01.2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/18), Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Шесттата седница одржано на ден 05.02.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОТФРЛАЊЕ НА РЕШЕНИЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ЗАПИРАЊЕ ОД ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА УЛИЦА ''518'' КАКО АЛТЕРНАТИВЕН КОРИДОР НА ДЕЛНИЦА НА БУЛЕВАР ''АСНОМ'', БР.08-284/1 ОД 22.01.2018 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го отфрла решението на Градоначалникот на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на улица "518" како алтернативен коридор на делница на Булевар "АСНОМ", бр.08-284/1 од 22.01.2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/18).

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-305/10**
**од 05.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 и член 51 став (3) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА УЛИЦА "518" КАКО АЛТЕРНАТИВЕН КОРИДОР НА ДЕЛНИЦА НА БУЛЕВАР "АСНОМ"**

1. Се објавува Одлуката за поништување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на улица "518" како алтернативен коридор на делница на Булевар "АСНОМ", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 05.02.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-601/9**
**од 07.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) а во врска со член 51 став (3) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Шесттата седница одржано на ден 05.02.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА УЛИЦА ''518'' КАКО АЛТЕРНАТИВЕН КОРИДОР НА ДЕЛНИЦА НА БУЛЕВАР ''АСНОМ''**

**Член 1**

Со оваа одлука се поништува Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на улица ''518'' како алтернативен коридор на делница на Булевар ''АСНОМ'', бр.09-3766/42 од 12.12.2017 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.14/17).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-305/11**
**од 05.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ОТФРЛАЊЕ НА РЕШЕНИЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ЗАПИРАЊЕ ОД ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ, БР.08-284/2 ОД 22.01.2018 ГОДИНА

1. Се објавува Заклучокот за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух, бр.08-284/2 од 22.01.2018 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на продолжение на седницата одржано на ден 05.02.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-601/10**
**од 07.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) а во врска со член 51 став (2) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по решението на Градоначалникот на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух, бр.08-284/2 од 22.01.2018 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/18), Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Шесттата седница одржано на ден 05.02.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОТФРЛАЊЕ НА РЕШЕНИЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА ЗАПИРАЊЕ ОД ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ, БР.08-284/2 ОД 22.01.2018 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го отфрла решението на Градоначалникот на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух, бр.08-284/2 од 22.01.2018 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.1/18).

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-305/12**
**од 05.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 и член 51 став (3) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на продолжение на седницата одржано на ден 05.02.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-601/11**
**од 07.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) а во врска со член 51 став (3) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 151 став (2) а во врска со член 156 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Шесттата седница одржано на ден 05.02.2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА АМБИЕНТАЛНИОТ ВОЗДУХ

1. Со овој заклучок се прифаќаат следните мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух:

1. Запирање на спроведување на градежните активности за населбите Железара, Автокоманда, Керамидница, Триангла, Кирил Петрушевски, Хиподром и Ченто. Со оваа мерка **СЕ ЗАПИРА** отпочнување на идни постапки за издавање одобренија за подготвителни работи и постапки за издавање на решенија за градење, а се во границите опфатени со ДУП-овите за наведените населени места. Мерката се однесува и важи за колективно домување и стопанството;
2. Два пати неделно миење на улиците во населбите Железара, Автокоманда, Керамидница, Триангла, Кирил Петрушевски, Хиподром и Ченто;
3. Поставување на прочистувачи на воздух во сите клонови на градинките 25 Мај и Детска Радост;
4. Поставување на прочистувачи на воздух во Основните училишта: Глигор Прличев, Стив Наумов, Крсте Мисирков, Наум Наумовски - Борче, Вера Јоциќ, Дане Крапчев, Кирил и Методиј, 25 Мај, Крум Тошев и Његош;
5. Комуналниот инспекторат на Општина Гази Баба да спроведе редовни и вонредни контроли на сите автосервиси на територија на Општина Гази Баба;
6.Јавното комунално претпријатие "Гази Баба - 2007" - Скопје да спроведе акција за садење на дрва во урбаниот дел на општината; и
7. Редовно чистење на јавните површини и понатамошно расчистување на дивите депонии.

2. Формирање на координативно тело кое ќе биде составено од членови на Советот на Општина Гази Баба, општинската администрација, техничките секретари на урбаните заедници како и претседатели на урбани заедници и заинтересирани граѓани чија функција ќе биде следење на реализацијата на мерките предвидени со членот 1 од оваа одлука, како и предлагање на дополнителни мерки до Советот на Општина Гази Баба.

3. Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба и општинската администрација веднаш да започнат со применување и реализација на наведените мерки.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-305/13**
**од 05.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА ИЗБОРНИТЕ ТРОШОЦИ НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА, ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ - 2017 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за определување на надоместок за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања, за избор на членови на Советот на Општина Гази Баба и Градоначалник на Општина Гази Баба, на Локалните избори - 2017 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 05.02.2018 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-601/12**
**од 07.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 86 став (4) а во врска со член 85 став (1) и (3) од Изборниот законик ("Службен весник на РМ" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16 и 67/17), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањата на организаторите на изборната кампања, бр.08-3929/1 од 13.12.2017 година - поднесено од Коалиција за Локални избори 2017 предводена од СДСМ, бр.08-3964/1 од 15.12.2017 - поднесено од политичка партија Левица, бр.08-4020/1 од 19.12.2017 година - поднесено од Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ и бр.09-339/1 од 24.01.2018 година - поднесено од Коалиција "Заедно за Гази Баба", Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Шесттата седница одржано на ден 05.02.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА ИЗБОРНИТЕ ТРОШОЦИ НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА, ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ - 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува надоместокот за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања, од чии листи на кандидати се избрани членови на Советот на Општина Гази Баба и Градоначалник на Општина Гази Баба и надоместокот за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања, од чии листи на кандидати не се избрани членови на Советот на Општина Гази Баба и Градоначалник на Општина Гази Баба, ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број на гласови од излезените граѓани на ниво на општина на Локалните избори - 2017 година, согласно официјалните резултати на Државната изборна комисија.

**Член 2**

На организаторите на изборната кампања, за избор на членови на Советот на Општина Гази Баба, им се определува надоместок од 15,00 денари по добиен глас, и тоа:

| Ред.бр. | политичка партија/коалиција | освоени гласови и % од вкупен број на гласачи | износ на надоместок |
|---|---|---|---|
| 1. | Коалиција "ЗАЕДНО ЗА ГАЗИ БАБА" (БЕСА, ДУИ,АА) | 1.712 - 4,65 % | 25.680,00 |
| 2. | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ | 16.973 - 46,09 % | 254.595,00 |
| 3. | Коалиција за Локални избори 2017 предводена од СДСМ | 15.616 - 42,40 % | 234.240,00 |

Вкупно: 514.515,00 денари

**Член 3**

На организаторите на изборната кампања, за избор на Градоначалник на Општина Гази Баба, им се определува надоместок од 15,00 денари по добиен глас, и тоа:

| Ред.бр. | политичка партија/коалиција | кандидат за Градоначалник | освоени гласови и % од вкупен број на гласачи | износ на надоместок |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ | ТОНИ ТРАЈКОВСКИ | втор круг 13.799 - 44,86% | 206.985,00 |
| 2. | ЛЕВИЦА | ЗОРАН ТРПЧЕСКИ | прв круг 816 - 2,22 % | 12.240,00 |
| 3. | Коалиција за Локални избори 2017 предводена од СДСМ | БОРИС ГЕОРГИЕВСКИ | втор круг 17.173 - 53,57% | 257.595,00 |

Вкупно: 476.820,00 денари

**Член 4**

Надоместокот определен со член 2 и член 3 од оваа одлука, во вкупен износ од 991.335,00,00 денари, ќе биде исплатен од Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година.

**Член 5**

Се задолжува секторот за финансиски прашања, износот од член 5 на оваа одлука да го исплати на организаторите на изборната кампања.

**Член 6**

Се задолжуваат организаторите на изборната кампања, по прием на надоместокот да достават вкупни финансиски извештаи за изборната кампања до Совет на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-305/14**
**од 05.02.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Статутарно-правна комисија**
**Бр.09-542/1 од 05.02.2018 година**
С К О П Ј Е

По извршеното срамнување на изворниот текст на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година, бр.09-3993/35 од 25.12.2017 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/17), донесен на Четврттата седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 25.12.2017 година, сторена е техничка грешка, поради што согласно член 123 став (1) алинеја 6 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Статутарно-правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, ја дава следната

**И С П Р А В К А**

1. Во воведниот нормативен дел на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година, бр.09-3993/35 од 25.12.2017 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/17) кај цитираниот Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа стои: "(Службен весник на РМ бр.61/2004, 96/2004 и 67/2007 год.)", **треба да стои:** "("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15)".

2. Оваа исправка ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/18 и станува составен дел на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година, бр.09-3993/35 од 25.12.2017 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.15/17).

**СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА**

**Претседател,**
**Александар Трајковски, с.р.**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за формирање на Локален совет за превенција . . . 4

**ОДЛУКА** за утврдување на благајнички максимум за 2018 година . . . 7

**ОДЛУКА** за именување на член од Советот на Општина Гази Баба во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје . . . 9

**ОДЛУКА** за именување на член од Советот на Општина Гази Баба во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Земјоделски институт - Скопје . . . 11

**ОДЛУКА** за именување на член од Советот на Општина Гази Баба во Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје . . . 13

**ОДЛУКА** за начинот на располагање со сопственоста на објект - ресторан до Дом на културата во Маџари . . 15

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година . . . 17

**ЗАКЛУЧОК** за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за поништување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на улица "518" како алтернативен коридор на делница на Булевар "АСНОМ", бр.08-284/1 од 22.01.2018 година . . . 19

**ОДЛУКА** за поништување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за изработка на проектна документација и реализација на проект за изградба на улица "518" како алтернативен коридор на делница на Булевар "АСНОМ" . . . 21

**ЗАКЛУЧОК** за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух, бр.08-284/2 од 22.01.2018 година . . . 23

**ЗАКЛУЧОК** за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух . . . 25

**ОДЛУКА** за определување на надоместок за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања, за избор на членови на Советот на Општина Гази Баба и Градоначалник на Општина Гази Баба, на Локалните избори - 2017 година . . . 27

**ИСПРАВКА** на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година . . . 29



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 02/18**
**6 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул.Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци